**Известување за концентрација со која Фармалогист Хилдинг д.о.о Белград, Србија ќе стекне контрола над СЕПТИМА ДООЕЛ Скопје и над Понтера Фарма Солушнс д.о.о Црна Гора**

**(предмет бр. 08-25/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 13.02.2020 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација со која друштвото Фармалогист Хилдинг д.о.о Белград, со седиште на адреса Бул. Војводе Мишиќа 25-27 Белград, Република Србија ќе стекне контрола над Друштвото за увоз-извоз и трговија на големо СЕПТИМА ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. Христо Татарчев 13 бр.9 Скопје, Република Северна Македонија и над Понтера Фарма Солушнс д.о.о Подгорица, со седиште на Цијевна 6б, Подгорица, Република Црна Гора по пат на купопродажба на удели.

***Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:***

**Фармалогист Хилдинг д.о.о Белград** е под заедничка контрола на сопружниците Миомир Николиќ и Ловорка Николиќ од Република Србија од една страна и друштвото Индустриаимпорт-Индустриаимпекс а.д. Подгорица со адреса на Светлане Кане Радевиќ бр.3 Подгорица, Република Црна Гора од друга страна.

Групацијата фармалогист е присутна на пазарот на големопродажба на фармацевтски производи и медицински средства во Република Србија

**СЕПТИМА ДООЕЛ Скопје** е присутна на пазарот на големопродажба на фармацевтски производи и медицински средства во Република Северна Македонија

**Понтера Фарма Солушнс д.о.о** е присутна на пазарот на големопродажба на фармацевтски производи и медицински средства во Република Црна Гора.

Подносителите предлагаат како релевантен пазар да се смета пазарот на големопродажба на фармацевтски производи и медицински средства на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 8 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.03.2020 година
Скопје